РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Министерство за информатичко општество и администрација

# Стратешки план на МИОА за 2012-2014



Јануари, 2012



Пред вас се задачите на Министерството за информатичко општество и администрација за периодот 2012-2014 година..

Изминатата 2011 година, со изменувањата и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа, Министерството за информатичко општество прерасна во Министерство за информатичко општество и администрација, што значеше проширување на надлежноста и зголемување на одговорноста во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Македонија.

Во едно демократско општество како нашето, граѓаните очекуваат компетентна, професионална, политички неутрална, одговорна и сервисно ориентирана државна и јавна администрација. Со цел да ги исполниме очекувањата на граѓаните и правните субјекти подготвени сме за темелна модернизација на администрацијата и развивање на информатичкото општество – чекори што не се лесни да се направат, меѓутоа се значајни за развојот на Република Македонија. Со оваа сеопфатна реформа, ќе се преземат мерки и активности за деполитизирање на администрацијата, подигање на ефикасноста и квалитетот на јавниот сектор во служба на граѓаните и на инвеститорите, намалување на корупцијата, односно создавање на ефикасна, стручна и одговорна администрација во корист на граѓаните и бизнис заедницата и нејзино вклучување во европскиот простор на јавната администрација. Сето ова се стекнува и се гради низ долгогодишно учење и усовршување, преку континуирани обуки. Администрацијата не поминува низ процесот на модернизација само за да го исполни условот за пристапување во евроатлантските структури, туку тоа е потреба за доброто на сите граѓани во чија функција таа треба да биде. Тоа е предуслов за функционирање на државата – потреба за институционална стабилност, големи административни и професионални капацитети во сите сфери на системот, но и професионална и социјална вклученост.

Предизвиците кои се исправаат пред нас се значајни и сеопфатни и во интерес на сите нас, приоритетите и целите кои ги утврдивме се во комплетна корелација со приоритетите и целите содржани во Програмата за работа на Владата 2011-2015 година и утврдените стратешки приоритети на Владата за 2012 година. Во стратешкиот план за наредниот тригодишен период, следејќи ги начелата на реалната остварливост, усогласеноста меѓу целите и капацитетите на Министерството за информатичко општество и администрација, ги идентификувавме одговорните субјекти задолжени за реализација на мерките и активностите, ја утврдивме временската рамка и наспроти очекуваните резултати утврдивме индикатори за успешност кои треба да ни помогнат во следењето на спроведувањето на предвидените програми. Успешноста на предвидените мерки и активности, покрај приоритетите и целите, обврските и роковите, е условена и од заемната поддршка и соработка со сите министерства и органи на државна управа, како и од партнерите со кои треба да стигнеме до целта.

*Доколку сакаме да имаме иднина што ни одговара, мораме да ја создадеме без илузии дека таа самата ќе се случи.*

МИНИСТЕР,

м-р Иво Ивановски

## Мисија

Министерството за информатичко општество и администрација е предводник и креатор на развојот на информатичкото општество и носител на реформите во администрацијата, за да обезбеди ефикасност, ефективност и отчетност во функција на побрз економски раст и социјална сигурност на граѓаните и бизнис заедницата во Република Македонија.

## Визија

Создадено современо информатичко општество и сервисно ориентирана администрација во служба на граѓаните и бизнис заедницата.

## Специфичност

Министерството за информатичко општество и администрација е основната надлежна институција за изградба на информатичкото општество и координација на активностите за реформа на администрацијата.



# ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ
# НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА



Со изменувањата и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ„ бр.167/10), Министерството за информатичко општество прераснувајќи во Министерство за информатичко општество и администрација доби проширена надлежност, а со тоа и поголема одговорност. Задачите и обврските, освен со Законот за организација и работа на органите на државната управа, се утврдени и со Законот за изменување и дополнување на Законот за државни службеници („Службен весник на РМ„ бр.167/10), Правилникот за внатрешна организација на МИОА и Стратегијата за реформа на јавната администрација и се однесуваат на:

- развојот и промоцијата на информатичкото општество;
- реформата во јавната администрација;
- креирањето и водењето на регистар на информационите и комуникациските системи и информатичката опрема во рамките на органите на државната управа;
- интегриранaта информатичка и комуникациска мрежа, базите на податоци, меѓусебното поврзување и размена на информацииите, безбедносните аспекти и развојот на инфраструктурата на државните органи, правните и другите лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања;
- следењето на состојбите со информациските и телекомуникациските технологии и воведување на меѓународни стандарди;
- телекомуникации и телекомуникациска инфраструктура, радиодифузија и радиодифузна инфраструктура
- надзорот и обезбедувањето на единствена примена на прописите што се однесуваат на државните и јавните службеници;
- развивањето на политиката поврзана со правата, обврските, одговорностите и оценувањето на државните и јавните службеници;
- класификацијата и описот на работните места, платите и надоместоците на плати на државните и јавните службеници;
- водењето Регистар за државните и јавните службеници;
- подготвувањето стратешки документи за ефикасното и ефективното работење, обуката и стручното усовршување на државните и јавните службеници,
- организирање и спроведување на обуката
- развојот и координацијата на политиките во врска со управувањето со човечките ресурси.

## ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ



По донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, како орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација е Државниот управен инспекторат, преземен од Министерството за правда.

Надлежноста на Државниот управен инспекторат се однесува на надзор на примената на Законот за општата управна постапка и другите закони што содржат одредби за управната постапка, како и надзор над извршувањето на прописите за канцелариско работење.

## СТРУКТУРА
## НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА



Органограмот е изработен согласно усвоените правилници: Правилник за внатрешна организација на Министерството за информатичко општество и администрација и Правилник за систематизација на работните места на Министерството за информатичко општество и администрација.

**Планирани промени**: Согласно Законот за измени и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа и Стратегијата за реформа на јавната администрација, од 01.01..2012 Одделението за електронски комуникации и аудио визуелни политики од Министерство за транспорт и врски преминува во надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација.



МИНИСТЕР
Државен инспекторат за администрација
Сектор за вршење на инспекциски надзор- Исток
Сектор за вршење на инспекциски надзор-Запад
Одделение за внатрешна ревизија
ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Државни советници
– за нормативни и правни прашања
– за финансиски прашања
– за инф.системи и технологии
– за администрација
– за евр. интеграција и преговори
– за стр.план., креирање и сл. на пол.
– за упр. со чов.ресурси и обуки
– за координација со општините
– за спр. на Рамковен договор
– за општи работи
Сектор за стр.-оперативна и лог. поддршка на министерот, меѓунар. сораб. и одн.со јавност
Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на министерот
Одделение за меѓународна соработка
Одделение за односи со јавноста
Сектор за развој и промоција на информатичко општество и ИТ стандарди
Одделение за развој и промоција на инф. општество
Одделение за ИТ стандарди
Сектор за е-инфраструктура, ИКТ проекти, сист. и регистар на држ. и јавни службеници
Одделение за е-инфраструктура
Одделение за ИКТ проекти
Одделение за инфроматички системи и централен регистар
Сектор за интероперабилност
Одделение за поддрш. и развој на сист. за интеропера билност
Одделение за информаци ска безбедност
Одделение за сертифика ција на системи и лиценци за инфромати чката технологија
Сектор за комуникации
Одделение за електр. комуникац. со инф. технологии
Одделение за аудио-визуелни политики
Сектор за администрација
Одделение за државна админстра ција
Одделение за јавна администра ција
Сектор за стратешко планирање, креирање и следење политики
Одделение за координација и подготовка на стратешките планови
Одделение за креирање и анализа на програми
Сектор за ЕУ
Одделение за ИПА фондови и друга странска помош
Одделение за следење на европското законодавство преговори и интеграција
Сектор за правни работи и државна управа
Одделение за нормативни и правни работи
Одделение за државна управа
Одделение за јавни набавки
Одделение за информации од јавен карактер, барања на државен и народен правобранител, преставки и предлози
Сектор за управување, развој и координаицја со човечки ресурси и обуки
Одделение за управување со човечки ресурси вработени во министерството
Одделение за обука на администрација
Одделение за развој, координација и управување со човечките ресурси во државна и јавна администрација
Сектор за финансиски прашања
Одделение за буџетска координација
Одделение за буџетска контрола
Одделение за сметководство и плаќање
Сектор за општи работи
Одделение за општи работи
Одделение за архивско и канцелариско работење
Проектни единици
Проектна единица за подршка на проектот "компјутер за секое дете"
Проектна единза подршка на проектот "светот на дланка - бесплатни интернет клубови"

# ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ
# НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

## Развој на Е– Влада:



- подобрување на оперативна ефикасност на министерствata и други органи на државна управа
- креирање електронска база на документи во секоја институција
- зголемена функционалност и ефикасност во извршувањето на административните услуги кон граѓаните и бизнис заедницата
- олеснет и побрз пристап во остварувањето на граѓанските права
- намалени административни препреки
- поголема транспарентност во работењето

## Развој на модерна администрација:



- зајакнати капацитети за координација на реформата на администрацијата
- креирани политики за права, обврски, одговорности и оценување на државни и јавни службеници;
- креирани стратешки документи за ефикасното и ефективното работење, обуката и стручното усовршување на државните и јавните службеници,
- зајакнати капацитети на државна администрација преку организирање и спроведување на обуки;
- развиени политики во врска со управувањето со човечките ресурси во администрацијата;
- креирани услуги базирани на барањата и потребите на граѓаните и бизнис заедницата

## Одржлив развој на информатичкото општество:



- подобрена ИКТ инфраструктура, вмрежени и интероперабилни системи
- воведени меѓународно прифатени ИТ стандарди
- олеснет пристап во меѓународната ИКТ мрежа
- зголемена безбедност во ИКТ системите и протокот на информациите
- зајакнати капацитети на ИКТ администрацијата
- воведување на ИКТ придобивките во функција на остварување на целите на образованието
- олеснет и побрз пристап до бизнис информации
- масовна едукација и ИКТ оспособување на граѓаните



# ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА ВО 2010 ГОДИНА

Република Македонија го има започната процесот за идентификување и искористување на предностите на информациско – комуникациските технологии и веќе станува лидер во регионот. До 2010 година се завршени низа проекти кои го дадоа темелот за новите проекти и задачи взаемно поврзани и во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на Владата на РМ. Постигнатите резултати за 2010 година кои се однесуваат на реформата на јавната администрација се дел од стратешките планови на Агенцијата за државни службеници и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

Во 2010 година во рамките на Програмата **Е-инфраструктура**, се започна со градење на ***владината комуникациска мрежа***. Проектот ќе трае повеќе години, односно до воспоставување на комплетна инфраструктура што ги поврзува сите министерства и органи на државна управа во безбедна и интероперабилна околина. Со имплементација на Проектот ќе се овозможи висок степен на безбедност во комуникацијата помеѓу институциите, олеснета комуникација и намалени комуникациски трошоци.

Истовремено се спроведува и Проект за ***меѓусебно поврзување и користење на регистрите и базите на податоци меѓу државните органи и институции (Интероперабилност)*** што треба да им овозможи на институциите веќе обезбедените информации од една институција да ги користат и другите институции со што се редуцира дуплирањето на податоците.

Во функција на зголемување на степенот на користење на компјутери и интернет во Република Македонија, во октомври 2010 година е започнат Проектот ***„WI-FI“- точки во руралните средини на РМ.*** Територијата на РМ е поделена на 13 региони со приближно 680 точки, кои зрачат во радиус од 250 метри. Поставување на бесплатни интернет киосци со wi-fi рутер во руралните средини, е со бесплатен, безжичен „wi-fi“ интернет со ограничени можности.

Во функција на постигнување на зголемена ефикасност на целокупниот образовен процес, зголемен степен на користење на компјутерите и интернетот, како и подобрување на информатичко-технолошките (ИТ) вештини на професорите и учениците, се продолжи со Проектот ***Компјутер за секој ученик*** при што за сите наставници од

основните и средните училишта се  дистрибуирани лаптопи (6500 за наставниот кадар во средните училишта и 15500 за наставниот кадар во основните училишта). Истовремено во функција на модернизација на образовниот процес и достапност на учебниците на која било локација, се започна со ***дигитализацијата на учебниците*** одобрени од страна на Министерство за образование и наука, кои Министерство за информатичко општество ги поставува на веб локацијата e-ucebnici.mk. Исто така, од страна на компанијата Интел, донирани се 513 електронски содржини преведени на македонски и албански јазик кои можат да се користат од страна на учениците од основно и средно образование и истите се мапирани во однос на националните наставни програми и достапни на порталот за содржини, на веб локацијата:  www.skoool.mk. За понатамошен развој на содржини соодветни на наставните програми и техничките можности, усвоена е Стратегија за развој на ***е- содржини*** 2010-2015.

Како дел од проектите за развој на информатичкото општество во рамките на Програмата **Е-граѓани** е и Проектот ***Светот на дланка*** што има за цел намалување на дигиталниот јаз (digital divide gap) меѓу македонското население, зголемување на Интернет пенетрацијата и вклученоста на граѓаните во информатичкото општество (e-Inclusion). Во рамките на овој проект отворени се и функционираат Интернет клубови (по еден) во 22 градови.

МИО започна со спроведување на мерка ***ИТ обуки за невработени лица*** со која се обучуваат по 80 невработени лица во полето на ИКТ. Станува збор за обуки на Cisco, Java, .Net, C++ по чие завршување, овие лица добиваат сертификат за експерти во таа област, што понатаму треба да рефлектира со поголема можност за полесно вработување.

Во соработка со приватните и државните институции се спроведува Проект за ***зголемување на бројот на македонски содржини на Wikipedia.*** Пред потпишување на Меморандумот, на Википедиа имаше 16,000 македонски содржини, додека во 2010 овие содржини се зголемени на повеќе од 40,000 содржини кои се однесуваат на нашата земја. Со овој проект се збогатуваат и англиските содржини специфични за Македонија, кои потешко можат да се следат.

Во јануари 2010 година планираниот пристап за тоа како да се насочат државните институции во користењето на придобивките од информациско– комуникациските технологии за подобрување на административните процеси е преточен во *Стратегијата за е-Влада* за периодот 2010–2012, со која се опфатени проекти, е-услуги и иницијативи.

Во функција на граѓаните се започна со спроведување на Пилот проект за услугите кои ги нуди Министерството за внатрешни работи, а плаќањето може да се изврши преку мобилен телефон. Проектот за ***воведување на плаќање со мобилен телефон*** ќе им овозможи на граѓаните на РМ да ги плаќаат административните такси во сите јавни институции преку своите мобилни телефони, со што се заштедува печатење и логистика на таксени марки, а се зголемува ефикасноста во дистрибуцијата и алокацијата на таксените марки. Воведен е ***систем за управување со документи*** во 15 министерства, 4 Секретаријати и СОЗР. Клучна цел на системот е да се воспостави инфраструктура

за ефикасно менаџирање на сите административни процеси кои вклучуваат работа со документи- инфраструктура која ќе се базира и ќе ги инкорпорира постоечките стандарди и процеси, за таа цел се спроведе и анализа на административните процеси која служи за подготовка на технички, организациски, семнатички и правен концепт за развивање и имплементација на решението. Во функција на спроведување на Проектот ***Е-формулари*** направени се прилагодувања на интерните системи на институциите со цел поголема автоматизација на процесите. За овој проект се изработени 22 апликации за 7 институции (селектирани според барањата на Европската комисија за оценување на државите за напредокот на е-Владеењето), со цел граѓаните да можат по електронски пат да реализираат дел од своите обврски.

Во 2010 година се примени 2 претставки и по двете е постапено согласно закон..



## ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА 2011 ГОДИНА

Со изменувањата и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ" бр.167/10), во функција на остварувањето на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Македонија, Министерството за информатичко општество прерасна во Министерство за информатичко општество и администрација со што прерасна во централен орган одговорен за реформа на државната и јавната администрација. Реформските процеси се со цел да се изгради сервисно ориентирана професионална администрација со современи информациски технологии, во функција на просперитет и квалитетен живот на граѓаните на Република Македонија. Администрација која работи за граѓаните; која е отворена, чесна, доверлив, и одговорна кон граѓаните, администрација во која услугите мораат да бидат достапни за секого без никаква дискриминација и која ќе ги промовира и практикува начелата на еднаквост, еднакви можности и фер третман кон вработените и граѓаните,

притоа почитувајќи ги индивидуалните разлики; која ќе им служи на граѓаните, лојално ќе ги спроведува владините политики и ќе работи за долгорочниот јавен интерес, а врз основа на принципите на политичка независниот, чесност и објективност; која ќе се залага за поголема инклузивност во процесот на носење одлуки насочени кон јавното добро, вклучувајќи ги и соработувајќи со сите релевантни институции, организации и поединци, особено оние кои одлуките посредно или непосредно ги засегаат и на крај администрација која преку користење на новите информатички и комуникациски технологии ќе овозможи побрзо, поефикасно и поефективно обезбедување на е-услуги и информации до и за граѓаните.

Согласно акцискиот план на Стратегијата за реформа на администрацијата остварени се повеќе резултати:

- изменети се Законот за општа управна постапка и Законот за организација и работа на органите на државната управа во однос на воспоставување на правото на жалба во управна одлука во втор степен како правило, како и во однос на јасно уредување на решението за молчење на администрацијата и воведување на строго правило според кое управните органи сами ќе бараат податоци од службените регистри,
- изменет е Законот за државни службеници, истовремено донесен е и Правилник за пробна работа со што се утврдени правилата за спроведување на вработувањата
- формирана е работна група која ќе работи на отстранување на административниот товар и следење на развојот на активностите во оваа насока во другите институции
- започнато е со разработка на концепт за воведување на услуги ориентирани кон граѓаните преку „едношалтерски систем“
- во соработка со Генералниот секретаријат на Владата на РМ подготвени се Предлог-насоки за подготвување на стратешките планови на министерствата и другите органи на државна управа и подготвено е ново изменето и дополнето издание на Прирачникот за стратешко планирање;
- во поглед на мерката *Воведување на следење на редефинирањето на причините за прекин на работен однос на државните службеници со цел да се спречи политичка злоупотреба и да се отвори можноста за прекин на работниот однос на државните службеници кои постигнуваат слаби резултати,* подготвен е прашалник и истиот е проследен до сите органи на државна управа со цел да се идентификуваат причините за престанок на работниот однос, сите институции имаат доставено одговор, врз основа на што е подготвена Информација за седница на Владата .

- со цел утврдување на вкупниот број вработени во јавната администрација пуштен е во употреба софтверот за „Броење на вработените“, во моментот тече процесот на внесување на податоци во регистарот на јавни службеници и истовремено во завршен е пилот-проектот суфицит/дефицит на кадар во јавната администрација.
- Министерот за информатичко општество и администрација донесе Правилник за форма и содржина на обрасците за евидентирање на податоците за јавните службеници (“Службен Весник на Република Македонија“ бр. 61/2011), кој заедно со главата IX од Законот за јавни службеници е основа за формирање за “Регистарот на јавни службеници - РЈС“, за таа цел е инсталирано и пуштено во функција софтверско решение и се внесуваат податоци за јавните службеници
- во функција на *зајакнување на начелата засновани врз заслугите во системот на управување со човечки ресурси преку измени на Законот за државните службеници и Законот за јавните службеници и креирање на систем за управување заснован на компетенции, Развој на модел за управување со компетенции и Креирање база на податоци за компетенции на државните службеници со цел зајакнување на внатрешната мобилност* формирана е работна група со 20 институции во која членуваат претставниците на КРГ на Мрежата. На годишната конференција презентиран е системот на В. Британија и направена е SWOT анализа на системот и неговата примена во Република Македонија
- во периодот 17-20 април 2011, тројца државни службеници од раководно ниво и државниот секретар, остварија студиска посета на Националната школа на Владата на В.Британија. Фокусот на посетата беше на процедурите и постапките во УЧР, модел на компетенции за ДС, идејата за Врвно раководство и негово обучување.
- изработен е курикулум, презентација и вежби за посебна обука за зајакнување на раководните компетенции на државните службеници на највисоко раководно ниво; дефинирани се 3 групи на учесници на највисоко раководно ниво кои ќе ја посетуваат обуката дизајнирана во 2 модула. Планирано е, да бидат обучени вкупно 75 највисоки раководни државни службеници. Првата група од 25 највисоки раководни службеници веќе го помина првиот модул
- во тек е прибирање на Годишните планови за соодветна и правична застапеност за 2012 година во државната и јавната администрација, по што ќе се подготви Анализа на постојната состојба и идентификација на потребите

Во функција на реформите се спроведуваат низа проекти и активности. На почетокот на 2011 Министерството за информатичко општество и администрација, започна со имплементација на начелото ***„молчењето е одобрување“.*** За таа цел се направени промени во 84 закони, како прв пакет на закони, и во 51 закон, како втор пакет на закони.

Министерството е одговорно за координација на процесот при воведување на подзаконски акти, како обврска за институциите надлежни за спроведување на соодветните закони.

Развиено е софтверско решение за ***регистарот на јавни службеници*** и организирани се обуки за администрирање на софтверското решение како и користење на истото за електронско полнење на регистарот со податоци. Регистарот за јавни службеници тековно се полни со податоци добиени од страна на институциите.

МИОА го координира процесот на ***воведување на ИСО 9001:2011*** во сите јавни институции на хоризонтална основа, за што подготвува извештаи за Владата на Република Македонија. Во рамките на самата институција, МИОА започна со имплементација на ИСО 9001:2011.

Во текот на оваа година се спроведе пилот ***проектот „Семафор“,*** со кој се инсталирани уреди за оценување на шалтерските работници во Агенцијата за катастар на недвижности Скопје, Управа за јавни приходи Скопје, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување Скопје, Фонд за здравствено осигурување Скопје и Министерството за внатрешни работи, подрачна единица МТВ. На редовна основа се добиваат сумирани извештаи за оценувањето на шалтерските работници во овие институции, кои извештаи се разгледуваат од страна на Владата на Република Македонија. Во моментов се работи на акционен план за ширење и доразвивање на пилот проектот во други институции.

Со преземањето на ***Граѓанскиот дневник*** во Министерството за информатичко општество и администрација, во континуитет се продолжува со изработка на Прегледот на неодговорени прашања и непубликувани услуги на порталот www.uslugi.gov.mk како и со кварталните извештаи за резултатите добиени од формуларите за оценување на услугите од страна на корисниците – „Граѓански дневник“ кои се разгледуваат од страна на Владата на Република Македонија. Изработен е Акционен план за унапредување на инструментот Граѓански дневник.

Се започна со имплементацијата на концептот ***„Нема погрешна врата“*** претпоставува посветеност од сите државни службеници да одговорат на потребите и барањата на граѓаните директно, преку завршување на одредена услуга на лице место или индиректно, преку поврзување со надлежното лице. Се подготви политика за успешно спроведување на концептот, која ќе биде предмет на усвојување од страна на органите на државната управа кои понатаму ќе ја инкорпорираат во своите интерни процедури на работење. Политиката за воведување на пристапот „Нема погрешна врата“ги дефинира: принципите на работа во органите на државната управа, причината зошто е потребно да се воведе, за кого ќе се однесува и на кој начин ќе се спроведува.

Во текот на 2011 година се работеше на веб порталот за ***е-Демократија*** со цел да се овозможи учество на граѓаните при градењето на јавни политики, овозможувајќи јавна дебата и учество на заинтересираните страни во донесувањето на одлуки.

Извештајот за работењето на државната администрација за Проектот ***„Таен клиент“*** кој беше спроведен во периодот од декември 2010 до февруари 2011, укажа на значајни недостатоци во поглед на услугите кои ги нудат државните институции. Со оглед на укажаните проблеми беа предложени мерки за надминување на истите. Во текот на 2011 година, МИОА спроведе координативни активности за надминување на идентификуваните проблеми во институциите.

Создавањето на одржливо, инклузивно информатичко општество е континуиран процес во кој треба постојано да се инвестира. Со мерките и активностите опфатени во програмата ***Е-Влада*** на граѓаните и бизнис заедницата постојано им се на располагање владините услуги преку комплетно координирани и интегрирани активности на администрацијата, со цел обезбедување на поголема и полесна достапност, транспарентност и квалитет во користењето на административните услуги целосно ориентирани кон граѓаните и бизнис заедницата. За да се овозможи употреба на документите во електронска форма истовремено со документите на хартија форма и услугите на е-Влада се наметна потреба од донесување на ново законодавство и изменување на постојното, како и дополнителна административна рамка во координација со Законот за електронско управување; прецизирање на управните постапки и квалитетот на доставените услуги. Во рамките на програмата во 2011 година врз основа на спроведената анализа во 2010 година, беше дефинирано детално техничко решение за спроведување на Проектот за размена на електронски документи и податоци меѓу државните институции во процесот на обезбедување услуги кон граѓаните, како и воспоставување решение за системот за управување со документи во електронска форма за органите на јавната администрација. Решението е дефинирано за ограничен број на институции и услуги со кои ќе се пилотира концептот на ***е-документи***. Имплементација на истото ќе започне оваа 2012 година. Истовремено и понатаму се работеше на развој на едношалтерскиот информативен центар (портал и центар за телефонски јавувања) за граѓаните и претпријатијата и хоризонтални решенија (заеднички интернет портал за е-управување, е-пријавување, е-идентификација, е-плаќање, е-достава, итн.) преку подготвување на нови функционални услуги согласно препораките на ЕУ за администрација ориентирана кон граѓаните и бизнисите.

Пилот проектот за меѓусебно поврзување и користење на регистрите и базите на податоци меѓу државните органи и институции (***Интероперабилност***) продолжи со функционирање во 5 институции. Врз основа на резултатите од пилотирањето и врз основа на законската регулатива за електронска размена на документи и податоци меѓу државни институции, во тек е процес на планирање за проширување на системот со дополнителни институции и дополнителни услуги кое ќе се случи во 2012 година.

Врз основа на измените на регулативата за административни такси, во 2011 година се прошири ***системот за електронско плаќање преку мобилен телефон*** на административните такси, така што секоја административна такса до 250 денари во моментот може да се плати преку мобилен телефон.

Проектот ***Е-граѓани*** спроведе нови значителни активности за унапредување на процесот на вклучување на граѓаните во севкупните општествени процеси со помош на ИКТ алатките. Во функција на остварување на една од целите на МИОА - масовна едукација и ИКТ оспособување на граѓаните, во соработка со Агенцијата за вработување, се спроведени бесплатни стручни ИТ обуки за ***подобрени ИКТ вештини на граѓаните.*** Обуките за 180 невработени лица, ги вршат сертифицирани обучувачки центри каде што се врши оспособување на кадар за дефицитарни струки и негово вклучување во пазарот на трудот.

Се започна со реализацијата на проектот за набавка на ***систем за синтеза на говор на македонски јазик***, пред се наменет за лица со оштетен вид. Целта е да се добие софтвер кој ќе синтетизира акустично точен говор врз основа на македонски текст од електронска форма, за да се овозможи полесно користење на информациско – комуникациските технологии.

Со објавување на ***Е- формуларите*** се очекува намалување на административни бариери, зголемување на ефикасност на државни институции и зголемен степен на софистицираност за е-Влада услуги на Република Македонија.

Професионалниот развој на вработените е еден од клучните предизвици на државната служба и на институциите кои имаат обврска да ги унапредуваат капацитетите на своите вработени за да обезбедат ефективен сервис за граѓаните. Воведување на нови, иновативни и разновидни модели и пристапи на учење и развој низ јавната служба се чини неопходно во услови на брзи општествени промени и развој на нови технологии. Во контекст на ова, во 2011 година формиран е ***регистар на обучувачи и експерти*** во државната управа, кој ќе се ажурира на годишно ниво. Од предвидените 37 обуки во Годишната програма за генеричка обука за 2011 година, за кои беше предвидено учество на 1051 државен службеник, реализирани се 45 работилници со што предвидениот број на обуки и обучени службеници го надминаа планираното. На крајот на годината министерот донесе Годишната програма за генерички обуки за 2012 година. Истовремено започнати се активности во рамките на Проектот (ДИВ) со Британската амбасада за развој на Стратегијата за обука 2012-2014.

Во 2011 година започнати се **проекти со времетраење од 6 месеци** и тоа: IPA 2008: “Анализа на работниот тек во пилот инситуциите” (Analysis of the work flow in pilot institutions), IPA 2009: “Поддршка на имплементација на Европска компјутеризирана возачка дозвола” (ECDL - Support in implementation of the European Computer Driving License); “Поддршка на преминот на Министерството за информатичко општество, во Министерство за информатичко

општество и администрација” (Supporting the transition of the Ministry of Information Society into Ministry of Information Society and  Administration) ; “Создавање на модел на административна единица и инситуционален модел за обезбедување услуги на граѓаните” (Creation of model of administrative unit and model institution that provide services to the citizens) ; “Мерење на задоволството на клиентите од администрацијата” (Measurement of client satisfaction in the administration ); “Анализа на можностите на симплификација на административна мобилност”  (Analyses of the possibilities of simplification of mobility in administration). **Проекти со времетраење од 18 месеци** ТАИБ 2009, 2010, 2011: Project Fiche IPA 2009: Техничка помош на МИОА за подготовка на Нацционалниот систем за обуки на јавните службеници ( Technical Assistance to the Ministry of Information Society and Administration in preparation of National System for Training of the Public Servants);  Project Fiche IPA 2010: Техничка помош на институциите задолжени за имплементација на реформата во државната и јавната администрација (Technical assistance to institutions in charge of the implementation of the civil service and public administration reform) ; Sector Identification Fiche IPA 2011:  Развој на Стратегијата на РЈА (2015-2020) и засилување на капацитетите на МИОА за хоризонтална имплементација на РЈА во соработка со институции одговорни за секторски прашања (Development of the PAR Strategy (2015-2020) and strengthening of the MISA capacities for horizontal coordination of the PAR implementation in cooperation with the institutions responsible for different sector policies including involvement of the civil spciety); во фаза на концепирање на проект е Project Fiche IPA 2012 .

Во 2011 година се примени **19 претставки** и по истите е постапено во законскиот рок, за што се известени подносителите.



# ПРОГРАМИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Министерството за информатичко општество и администрација за периодот 2012-2014 година има предвидено 3 програми кои се во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на министерството и на Владата на Република Македонија. Во трите програми се содржани низа проекти, мерки и активности каде што нашето министерство е носител, но и проекти каде носители се другите институции, но е вклучено и министерството.

е-Влада,
Реформа на администрација
Информатичко општество

Остварувањето на мерките и активностите предвидени во програмите се темел за остварување на нашата мисијата и чекор поблиску до зацртаната визија.

*Чекорите кои ќе ги преземеме не се само заради пристапување во евроатлanskите структури туку првенствено заради граѓаните на Република Македонија.*



# *е-Влада*

Електронска Влада или Е-Влада е синоним за модерно и иновативно работење во кое квалитетот, довербата и погодноста играат клучна улога. Целосно ориентиран кон потребите и барањата на крајните корисници (граѓаните, бизнисите и вработените во јавната администрација), концептот е-Влада е форма на извршување на поедноставени процеси во државните институции со помош на користење на модерна информациска и комуникациска технологија.

Со мерките и активностите опфатени во програмата Е-Влада на граѓаните и бизнис заедницата ќе им бидат постојано на располагање владините услуги преку комплетно координирани и интегрирани активности на администрацијата. Реформираните услуги треба да го направат животот на граѓаните полесен и поудобен без потреба од физичка присутност за завршување на одредени обврски , со намалени трошоци и зголемена ефикасност, со скратени чекори и рокови преку едноставни логички дизајнирани процеси и форми.

Со оваа програма треба да се постигне поголема и полесна достапност, транспарентност и поголем квалитет во користењето на административните услуги целосно ориентирани кон граѓаните и бизнис заедницата.

# Оправданост и дизајн на Програмата „Е-Влада“

Програмата*„Е-Влада“* е **хоризонтална програма** која произлегува од:

1. Стратешките приоритети **зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење и интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на не загрозување на националниот идентитет** содржани во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети за 2012 година, односно приоритетните цели - натамошен развој на информатичкото општество; продолжување со реформата на јавната администрација, јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ; продолжување на борбата против корупцијата и организираниот криминал.

2. НПАА
Поглавје3.10. ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ,
Подрачје3.10.2. Услуги на информатичкото општество

3. **Стратешкиот приоритет на МИОА -** *Развој на Е– Влада* **и целите:**
   - подобрување на оперативната ефикасност на министерствата и другите органи на државна управа
   - креирање електронска база на документи во секоја институција
   - воведени стандарди за квалитет
   - зголемена функционалност и ефикасност во извршувањето на административните услуги кон граѓаните и бизнис заедницата
   - олеснет и побрз пристап во остварувањето на граѓанските права
   - намалени административни препреки
   - поголема транспарентност во работењето

| Цел на Програмата: | Показатели за успех на Програмата: |
| --- | --- |
| Овозможено интегрирано, ефикасно и модерно работење на администрацијата и обезбедување на услуги кои се целосно приспособени на потребите на граѓаните и бизнис заедницата. | - Број на поврзани институции во безбедна и интероперабилна околина<br>- Зголемен број на институции кои го имплементирале интегрираниот е-Владин систем за управување со документи<br>- Зголемен број на воведени владини услуги со комплетно интегрирани и координирани активности на администрацијата<br>- Зголемен број на нови електронско достапни услуги |

Очекувани резултати (компоненти) од Програмата:

| Подпрограма | Показател за успешност: |
|---|---|
| 1.1. Поедностaвеност на внатрешни процеси во администрацијата | – Број на намалени административни процедури во функција на зголемување на ефикасноста во давање на услуги;<br>– Процент на користење на регистрите и базите на податоци и размена на материјали меѓу државните органи и институциите наспроти материјали во пишана форма<br>– Број на идентификувани наспроти бројот на изменети и модифицирани акти во функција на овозможување на употреба на документи во електронска форма и спроведување на соодветни електронски решенија |
| 1.2. Воведување на софистицирани, квалитетни и ефикасни електронски услуги | – Степен на софистицираност на електронските услуги во проценти, според мерењата на ЕУ<br>– Процент на институции кои ги имплеметирале системите за управување на односите со граѓаните и управување со документи<br>– Зголемен број на новововедени електронски услуги наспроти постојните<br>– Зголемување на процентот на користење на електронско плаќање на административни такси |
| 1.3. Јакнење на кадровски потенцијали за имплементација и развивање на Е-Влада | – Број на корисници на системот за управување со документи и канцелариско работење наспроти обучените државни службеници<br>– Просечно време на воведување на електронска услуга<br>– Процент на зголемена ефикасност во давање на административни услуги; |
| 1.4. Воведување стандарди | – Зголемена безбедност на информации<br>– Број на издадени дигитални сертификати на јавни службеници<br>– Број на сертифицирани државни службеници |




# *Реформа на администрација*

Модернизираната администрација претставува предуслов за соодветно функционирање на државата. Реформата на администрацијата е стратешка цел на Владата и тоа не само од гледна точка на внатрешните (домашни) потреби за реорганизирање и подобрување на системот на јавна администрација заради поекономично, поефективно и поефикасно функционирање, туку и од гледна точка на меѓународните обврски на Република Македонија. Наместо радикална реконструкција на постојниот систем на администрацијата, процесот на реформа ќе опфаќа надградба, доуредување и избор на прецизно утврдени активности и промени, коишто ќе се спроведуваат земајќи ги предвид тековните потреби и тековното ниво на развој во Република Македонија.

Од осамостојувањето до денес во РМ постојано се спроведуваат правни и институционални реформи. Денес нашата држава е во фаза на вистински процес на спроведување и преземање чекори за модернизација на администрацијата. Процес кој во ниту еден момент не треба да се гледа изолирано како самостоен и единствен проект, туку како сложен реформски процес кој повлекува низа позитивни промени во сите сегменти на живеење. Годините што претстојат се од клучно и суштинско значење за натамошниот развој на Република Македонија. Чекорите што ќе бидат преземени сè со цел да се обезбеди внатрешна консолидација и да се подготвиме за евро-атланските структури.

# Оправданост и дизајн на Програмата „Реформа на администрација“

Програмата**„Реформа на администрацијата “**е **хоризонтална програма** која произлегува од:

1. Стратешкиот приоритет **интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на не загрозување на националниот идентитет** содржан во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети за2011година, односно приоритетната цел - Продолжување со реформата на јавната администрација

2. НПАА

   Поглавје1.1.Демократија и владеење на правото
   Подрачје: Реформа на јавна администрација
   Поглавје4.1.Хоризонтални прашања – реформа на јавната администрација

3. **Стратешкиот приоритет на МИОА -** ***Развој на модерна администрација*** **и целите:**

   - зајакнати капацитети за координација на реформата на администрацијата
   - креирани политики поврзани со правата, обврските, одговорностите и оценувањето на државните и јавните службеници;
   - креирани стратешки документи за ефикасното и ефективното работење, обуката и стручното усовршување на државните и јавните службеници,
   - зајакнати капацитети на државната администрација преку организирање и спроведување на обуки;
   - развиени политики во врска со управувањето со човечките ресурси во администрацијата;
   - креирани услуги базирани на барањата и потребите на граѓаните и бизнис заедницата

| Цел на Програмата: | Показатели за успех на Програмата: |
|---|---|
| Создавање на ефективна, ефикасна и отчетна администрација, услужно ориентирана кон граѓаните, која ги исполнува вредностите и стандардите за „добро владеење„ во рамките на европскиот административен простор, администрација – медијатор на одржливиот социјален и економски развој на земјата. | ☝ Запазена временска и фискална рамка при спроведување на мерките и активностите предвидени во Стратегијата за реформа на јавната администрација<br>☝ Развиен систем на следење на реформските процеси согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација;<br>☝ Воспоставен квалитетен систем за управување со човечки ресурси<br>☝ Воспоставен и функционален Центар за обука |

Очекувани резултати (компоненти) од Програмата:

| Подпрограма | Показател за успешност: |
|---|---|
| 2.1. Подобрување и поедноставување на управните постапки | – Број на усвоени предлози кои стасале на линкот за предлози за поедноставување на постапките од страна на заинтересираните субјекти<br>– Потребно време за добивање на административни услуги, наспроти досегашното ;<br>– Број на новововедени едношалтерски услуги;<br>– % на зголемена ефикасност на деловните процеси во државната администрација; |
| 2.2. Зајакнување на капацитетите и воведување на модерен систем на управување со човечките ресурси | – Донесена функционална стратегија за управување со човечки ресурси во администрацијата;<br>– Надградени бази на податоци за државна и јавна администрација<br>– Воведени модели за координација и планирање на УЧР |
| 2.3. Професионален развој на администрацијата | – Институционализиран, кадровски екипиран и функционален Центар за обука<br>– Донесена Стратегија за обука 2012-2014<br>– 90% реализација на Годишна програма за генерички обуки |



## *Информатичко општество*

Нашата определба е да бидеме рамо до рамо со најдобрите, да го задржиме лидерското место на овие простори во поглед на развојот на информатичкото општество. Во таа насока правиме напор информатичко комуникациските технологии да го најдат своето место во сите сфери на општествениот живот и да бидат достапни за секој граѓанин без оглед на местото на живеење, степенот на образование или социјалниот статус.

Поставување и одржување на квалитетна инфраструктура е предуслов и основа за создавање на одрживо, инклузивно информатичко општество. Обученоста на граѓаните за ИКТ и подготвеноста за изучување на новите технологии се повеќе се зголемува намалувајќи го дигиталниот јаз меѓу одделни групи граѓани. Зголемувањето на бројот на граѓаните кои своите потреби ги остваруваат користејќи ги предностите на ИКТ ја зголемува ефикасноста на администрацијата, одговорноста и транспарентноста во комуникацијата со граѓаните и НВО, а ги намалува трошоците на граѓаните и претпријатијата и времето потребно за реализација на определена услуга.

Оваа програма како впрочем и претходните две е исто така хоризонтална што значи дека и овде не изостанува вклученоста на повеќе институции во нејзината реализација.

# Оправданост и дизајн на Програмата „Информатичко општество“

Програмата „**Информатичко општество**“е **хоризонтална програма** која произлегува од:

1.Стратешките приоритети **зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење; интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на не загрозување на националниот идентитет** и **инвестирање во образованието како најсигурен пат за создавање силни индивидуи и силна држава** содржани во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети за 2011 година, односно приоритетните цели - натамошен развој на информатичкото општество; зголемување на квалитетот на образованието во Република Македонија преку продолжување на реформите во образованието; модернизација на образовниот систем во согласност со барањата на пазарот на трудот и економските потреби; спроведување на активни политики за вработување со кои се делува врз знаењето и квалификациите на понудата на работна сила; учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики; продолжување со реформата на јавната администрација; јакнење на системот за проценка на влијанието на регулативата; јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ; продолжување на борбата против корупцијата и организираниот криминал.

2.НПАА

Поглавје3.10ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ, Подрачје3.10.2.Услуги на информатичкото општество,
Поглавје3.10.2УСЛУГИ НА ИНФОРМАТИЧКОТО ОПШТЕСТВО
Поглавје3.25НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ

**3.Стратешкиот приоритет на МИОА -** ***Одржлив развој на информатичкото општество*** **и целите:**

- подобрена ИКТ инфраструктура, вмрежени и интероперабилни системи во органите на државната управа, јавните претпријатија и установи
- воведени меѓународно прифатени ИТ стандарди
- олеснет пристап во меѓународната ИКТ мрежа
- зголемена безбедност во ИКТ системите и протокот на информациите
- зајакнати капацитети на ИКТ администрацијата
- воведување на ИКТ придобивките во функција на остварување на целите на образованието
- олеснет и побрз пристап до бизнис информации
- масовна едукација и ИКТ оспособување на граѓаните

| Цел на Програмата: | Показатели за успех на Програмата: |
|---|---|
| Намалување на дигиталниот јаз обезбедувајќи зголемена и поквалитетна употреба на ИКТ во секојдневниот живот на сите граѓани, преку создавање олеснети услови за пристап до ИКТ и зголемување на ИКТ вештините на граѓаните. | Воспоставена инфраструктура за потребите на државните институции<br>Зголемување на процентот на интернет корисници на територијата на Република Македонија до 60%<br>Зголемена процентуална покриеност со воспоставената инфраструктура за достапност на интернетот и на останатите електронско-комуникациски услуги до сите општествени групи |

Очекувани резултати (компоненти) од Програмата:

| Подпрограма | Показател за успешност: |
|---|---|
| 3.1. е-Инфраструктура | – Статистика на употреба на компјутери и интернет во домаќинствата и деловните субјекти<br>– Процент на достапност на интернет и останатите електронско-комуникациски услуги до сите општествени групи<br>– Воспоставена широкопојасна брза инфраструктура |
| 3.2. Информациска безбедност | – Зголемен процент на активности кои се извршуваат електронски<br>– Воведени системи за управување со безбедност на информации и ИКТ инфраструктури<br>– Создадена законска рамка која има влијание врз заштитата на приватноста на електронските комуникации и услуги<br>– Подготвена Студија за потреба од Центар за мониторинг на националните и глобалните закани и ризици од аспект на ИКТ<br>– Воведен систем на редовно следење, идентификација и предлагање на мерки за намалување на “организациска чувствителност“ во сите сектори на |

| | |
|---|---|
| | општеството<br>– Број и вид на меѓународните алијанси за „борба со информациските закани“ каде Република Македонија е активен учесник |
| 3.3. Е-Граѓани | – Зголемен процент на граѓани кои користат ИКТ во секојдневниот живот<br>– Намален процент на ИКТ неписменост во РМ<br>– Намален недостаток на ИТ кадри во Република Македонија<br>– Воспоставени системи за е-инклузија<br>– Број на граѓани со подобрени ИКТ вештини (невработени и други целни групи) |
| 3.4. е-Бизнис | – Зголемување на процентот на е-трговија трансакции<br>– Зголемен број на Влада-до-бизнис е-услуги<br>– Процент на усогласени акти со меѓународна легислатива наспроти идентификуваната легислатива<br>– Остварување на е-работа<br>– Подобрени услови за водење на електронска трговија<br>– Процент на електронски поврзани деловните субјекти, граѓаните, јавната администрација и невладиниот сектор наспроти постојните |
| 3.5.е –Образование | – Број на системи за учење на далечина , е-учење и доживотно учење<br>– Развиен централизиран систем за управувано учење<br>– Развиен систем за управување со содржини<br>– Процент на дигитализирани учебници за основно и средно образование<br>– Воведени европски сертификати за ИКТ знаења и вештини |

# Влијание врз човечки ресурси

Со оглед на тоа што изминатата година согласно Законот за измени и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа и Стратегијата за реформа на јавната администрација, организациони единици од Министерство за правда, Агенцијата за државни службеници, Генералниот секретаријат на Владата и Секретаријатот за европски прашања преминаа во надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација, а од оваа година се случи уште еден трансфер од Министерството за транспорт и врски, во тек е анализа на кадровската екипираност на министерството и предвидување на потребите од нови вработувања и прераспределба на вработените.

Во функција на непречено реализирање на зацртаните програми државните службеници кои работат на истите имаат потреба од следните обуки:

| ПРОГРАМА | **Резиме на потреба од обуки** |
|---|---|
| **Е-Влада** | Администратори за бази н аподатоци;<br>Администратори на мрежи;<br>Администратори за системот з ауправување со документи;<br>Проектен менаџмент<br>Бизнис анализа; |
| **Реформа за јавна администрација** | Обука за државните службеници за правилна употреба на новата методологија за отстранување на административниот товар;<br>Обука за државните службеници за правилна употреба на новата методологија систем за постојано мерење на задоволството на корисниците од административните услуги |
| **Информатичко општество** | Администратори за бази на податоци;<br>Администратори на мрежи; |

# Принципи на правична застапеност

Принципите на правична застапеност во МИОА се согласно динамиката утврдена од Координативното тело за соодветна и правична застапеност формирано од Владата на Република Македонија.

# Развивање на заеднички функции

Кога станува збор за заедничките функции обично се работи за континуирани процеси кои се однесуваат на целото министерство и се одвиваат согласно утврдени методологии и временски интервали. Заради ваквата природа планираните мерки се повторуваат.

| Развивање политики и стратешко планирање |
| --- |
| - развој на капацитетите на МИОА за креирање и развивање на политики<br>- предлагање на приоритетни цели што треба да бидат содржани во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата;<br>- координација на процесот на стратешко планирање во МИОА;<br>- следење на реализацијата на мерките и активностите содржани во стратешкиот план и известување за истиот; |

| Управување со човечки ресурси |
| --- |
| - спроведување на функционална анализа во МИОА (2012)<br>- ажурирање на актите за внатрешна организација и систематизација (2012)<br>- кадровско екипирање на МИОА(2012)<br>- навремено извршување на задачите согласно актите за внатрешна организација и систематизација<br>- подготвување на анализа на потребите од обуки (генерички и специјализирани обуки)<br>- подготвување и донесување на Годишната програма за обука на државните службеници во МИОА;<br>- спроведување на оценување на државните службеници во МИОА;<br>- подготвување на Извештај за оценување<br>- развивање на одржлив систем за квалитетна обука на ДС<br>-градење на капацитетите на системот за координација на обуката во државната служба |

| Подготвување и извршување на Буџетот и управување со средства |
| --- |
| - подготвување буџетското барање на министерството;<br>- следење и известување за финансиското имплементирање на програмите и континуитет во реализацијата;<br>- следење на извршувањето на буџетот на министерството;<br>- подготовка на месечен, квартален и годишен финансиски план за трошење на буџетските средства<br>- подготовка на извештаи и анализа за користењето на буџетските средства на министерството;<br>- подготвување и имплементирање на комјутерско финансиски систем за евидентирање, подготовка и исплата на сите обврски во врска со јавните набавки на стоки и услуги за министерството<br>- електронско следење на состојбите на буџетот по расходни ставки<br>- координација на процесот на подготовка, измена и дополнување на буџетот на министерството<br>- воспоставување и имплементирање на интерни процедури за работа во насока на јакнење на одговорноста за успешно остварување на задачите и правилно евидентирање на финансиските трансакции (2012)<br>- финансиско управување и континуиран мониторинг на средствата (2013)<br>- унапредување на комјутерско финансискиот систем за евидентирање, подготовка и исплата на сите обврски во врска со јавните набавки на стоки и услуги за министерството (2013)<br>- предвидување на развоен буџет и имплементирање на нови содржини од областа на информациско комуникациската технологија и зајакнување на капацитетите на јавната администрација.(2013)<br>- одобрување на исплатите на средства од буџетот на министерството преку систем на контрола на повеќе нивоа (Раководителот на единицата за финансиски прашања и едно или две лица со делегирани овластувања надвор од единицата за финансиски прашања) (2013)<br>- целосно воспоставување на комјутеризирано електронско плаќање на сите обврски за јавни набавки на стоки и услуги за министерството преку електронско поврзување со Министерството за финансии и Секторот трезор (2014) |

| Координација со странска помош |
|---|
| - идентификување на приоритетни потреби за ИКТ и РА кои може да се финансираат со странска помош (2012)<br>- воспоставување систем за набљудување и оценка на ефективноста на странската помош(2012)<br>- подготвување на план за соработка и комуникација со другите институции и донаторската заедница<br>- редовно следење на конкурси и детектирање на можни извори на финансиска помош.<br>- засилување на комуникацијата со странските донори, во насока на постигнување оптимална координираност.<br>- засилување на меѓусекторската и оделенската комуникација во МИОА, со цел адекватно лоцирање на приоритети и потреби на засебните сектори – истото е неопходно за да ги востановиме потребите за конкурирање на повик и остварување проекти, бидејќи оперативноста на Одделението за ИПА фондови  зависи од прецизно утврдените потреби кои произлегуваат од останатите одделенија. |

| Односи со јавноста |
|---|
| - воспоставување на зачестен систем на комуникација<br>- промоција и афирмација на работата  на МИОА<br>- подготвување и донесување на Стратегија на МИОА за односи со јавност и спроведување на истата<br>- редовно ажурирање на веб страницата за активностите на Министерството<br>- публикување и дистрибуција на инфо материјали<br>- креирање на интерактивен форум за комуникација со засегнати интересенти<br>- спроведување на мерките и активностите содржани во Стратегијата на МИОА за односи со јавност |

| Управување со информациски технологии |
|---|
| - воспоставување и одржување на безбедносни процедури,<br>- одржување и безбедност на информатичката опрема и апликациите;<br>- обука на вработените; |

| Внатрешна ревизија |
|---|
| - кадровско зајакнување на одделението за внатрешна ревизија |
| - подготвување на предлог за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во МИОА во функција на кадровското зајакнување |
| - изменување и дополнување на интерната регулатива од областа на внатрешната ревизија |
| - континуирано унапредување на системот за финансиско управување и внатрешна контрола, како и системот за следење на препораките од ревизорските извештаи; |
| - подготвување на обрасци за следење на препораките |
| - зајакнување на комуникацијата со единиците за внатрешна ревизија, Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола и Државниот завод за ревизија; |
| - подготовка на Годишен план за ревизија; |
| - спроведување на ревизии согласно планот; |
| - подготовка на Извештај за извршената внатрешна ревизија; |
| - обука за ново вработените и вработените |



www.mioa.gov.mk